СТ-87/24

ОСНОВНИОТ СУД ВО БИТОЛА , и тоа Стечајниот Судија Снежана Дојчиновска , одлучувајки по предлогот за отворање на стечајна постапка поднесен од управителите Сузана Поповска од Битола ул.,,Ѓуро Шаковиќ,,бр.112 ,Билјана Јовчевска од Битола ул.,, Стив Наумов,,бр. 116 Б и Николче Стојановски од Битола ул.,, 8 ми Септември,,бр. 37 Горно Оризари Битола на должникот Друштво за производство, трговија и услуги,, ВЛАДАР КОМПАНИ,, увоз-извоз ДОО Битола за отворање на стечајна постапка над должникот Друштво за производство, трговија и услуги,, ВЛАДАР КОМПАНИ,, увоз-извоз ДОО Битола на ден 20.06.2024 год. донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

I

СЕ ПОВЕДУВА претходна постапка заради утврдување на условите за отворање на стечајна постапка над должникот Друштво за производство, трговија и услуги,, ВЛАДАР КОМПАНИ,, увоз-извоз ДОО Битола ,со седиште во Битола ул.,,Генерал Васко Карангелевски ,,бр.31 Битола , со ЕДБ 4002015543849 , со ЕМБС 7085761 ,со претежна дејност Шифра 93.13 објекти за фитнес, со жиро сметка во ,,Стопанска Банка,,АД Битола со број 500-0000010330-77 .

СЕ ОПРЕДЕЛУВА одржување на рочиште за испитување на условите за отворање на стечајна постапка на ден 05.07.2024 год. Во 11.30 ч.,соба бр.55 Основен Суд Битола.

Против Решението за попведување на претходна постапка не е дозволена жалба.

Примерок од решението се доставува до Централен Регситар на РМ .

I I

За привремен стечаен управник се именува м-р.ек.Божиновска Ели од Битола ул.,,Елпида Крамаанди,,бр. 13/24 .

СЕ ЗАДОЛЖУВА Привремениот стечаен управник да го заштити имотот на должникот со сите соодветни средства,да дава согласност на органите на управување на должникот за водење на работењето се до донесувањето на одлука за отворање на стечајна постапка со цел да се избегне значително намалување на имотот и да се испита дали од имотот на должникот можат да се намират трошоците на постапката и да се намират обврските кон доверителите и да се изготви извештај за економско-финансиската состојба на должникот.

СЕ ЗАДОЛЖУВА должникот , законскиот застапник и одговорните лица на привремениот стечаен управник да му дозволат да влезе во деловните простории за да може да се спроведат потребните дејствија како и да изврши увид во трговските книги и деловната документација .

СЕ применуваат мерки на обезбедување согласно чл.58 од Законот за Стечај.

СЕ ЗАБРАНУВА располагање со имотот на должникот , освен со претходно одобрение на привремениот стечаен управник.

СЕ ЗАБРАНУВА определување или спроведување на присилно извршување или обезбедување против должникот .

СЕ ЗАБРАНУВА исплата од сметките на должникот.

СЕ ПОВИКУВААТ должниците и должниковите солидарни должници и гаранти без одлагање да ги исполнат своите обврски кон должникот.

Решението да се објави на Огласна табла на Судот и во Службен Весник на РСМ.

О б р а з л о ж е н и е

Предлагачите – управителите Сузана Поповска од Битола ул.,,Ѓуро Шаковиќ,,бр.112 ,Билјана Јовчевска од Битола ул.,, Стив Наумов,,бр. 116 Б и Николче Стојановски од Битола ул.,, 8 ми Септември,,бр. 37 Горно Оризари Битола на должникот Друштво за производство, трговија и услуги,, ВЛАДАР КОМПАНИ,, увоз-извоз ДОО Битола поднесоа предлог за отворање на стечајна постапка над должникот Друштво за производство, трговија и услуги,, ВЛАДАР КОМПАНИ,, увоз-извоз ДОО Битола со наводи дека должникот не можи да ги измирува тековните обврски од работењето

Постапувајки по предлогот Стечајниот судија утврди дека предлогот е уреден согласно чл.50,став 2 од Законот за Стечај , донесе решение за поведување на претходна постапка и го определи датумот на одржување на рочиштето за испитување на условите за отворање на стечајна постапка.

Стечајниот Судија согласно чл.59 од Законот за Стечај го именува привремениот стечаен управник и ги утврди неговите должности определени во став 2 од Решението.

Судот определи и објавување на ова Решение соглчасно чл.60 од Законот за стечај .

Стечаен Судија,

Снежана Дојчиновска

ПОУКА : Против ова Решение не е дозволена жалба;

ДНА : Предлагачот -должникот, Централен Регистар на РСМ Битола, привремен стечаен управник , примерок во Службен Весник на РСМ, веб страна на Судот и на Огласна табла на Судот ;